# ИЗЈАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА

**Пивара Скопје АД како корисник на енергенси, е свесна за влијанието кое нивното искористување го има врз пошироката околина и е посветена на континуирано намалување на тоа влијание.**

**Развојот на Пивара Скопје АД е поврзан со нејзината стратешката цел - динамичен одржлив развој во согласност со индикаторите за најдобри перформанси и конкурентност.**

**Пивара Скопје АД се стреми за континуиран напредок со поставување на годишни цели за енергетска ефикасност, кои преку планирани проекти и програми настојува да ги оствари.**

**Во согласност со нашата политика за заштита на животната средина, апликативните законски и корпоративни барања, како и насоките на ISO 50001:*2018*, Пивара Скопје АД се обврзува дека:**

- **Ќе ја зголеми ефикасноста во работењето, дистрибутивната опрема и мрежа на**
    - **Електрична енергија**
    - **Природен гас**
    - **Горива**
- **Ќе се ангажира за набавка на енергија од обновливи извори**
- **Ќе ги намали неоперативните загуби на суровини, пакувачки и помошни материјали; ќе се стреми да ја намали потрошувачката на гориво при набавка на материјали и при дистрибуција на готов производ**
- **Ќе работи на подобрување на постоечките и воведување на нови енергетско ефикасни технологии, опрема и материјали кои ќе овозможат зголемување на ефикасноста и притоа заштеда на енергија**
- **Ќе ги примени најдобрите достапни техники, практики и процеси, да осигура континуиран напредок на енергетските параметри, ефикасна искористеност на енергетските ресурси, заштита на животната средина и контрола на непосакуваните климатски промени**
- **Ќе примени современи аналитички модели и алатки со чија помош ќе се врши континуирана проценка на ефикасноста на користењето на енергијата и прогноза на трошоците за енергија во иднина**
- **Ќе развие соодветни модули за обука на целиот персонал за да се развие свесноста за енергетска ефикасност и заштеда на енергенси кај сите вработени и соработници, што ќе овозможи да бидат постигнати зададените цели и задачи**
- **Ќе се одржуваат отворени и конструктивни релации земајќи ги во предвид очекувањата и интересите на сите заинтересирани страни во поглед на заштедите на енергија**

01.04.2021

Горан Стојковски

ICSC Менаџер